Република Македонија
Агенција за електронски комуникации

# З А П И С Н И К

од осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 18.07.2018 година, со почеток во 11:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател
2. Петар Есмеров, член
3. Славе Веловски, член
4. Дешира Имери, член
5. Сашо Димитријоски, Директор на АЕК
6. Бојана Стефановска- советник на Директорот за правни работи - во својство на записничар,

Горан Велинов беше оправдано отсутен.

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од седмиот состанок на Комисијата одржан на 01.06.2018 и усвојување на предлог дневниот ред за осмиот состанок за 2018 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од седмиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Усвојување на предлог измени и дополнувања на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година;

   Од страна на Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации беше доставен, предлог измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2018 година, кој откако беше објавен на web страната на АЕК согласно член 13 од Законот за електронски комуникации и принципот на јавност со цел да обезбеди јавна расправа со која ќе им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, а како рокот на траењето на јавната расправа од 30 дена од денот на објавувањето помина и откако Агенцијата одржа и јавен состанок со заинтересираните страни истиот се најде на дневен ред на комисијата. Беа доставени на увид и коментарите од операторите како и дадените одговори по истите, по што одкако се констатира дека нема направено никакви измени од предходно објавениот, комисијата го усвои предложениот изменет и дополнет финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година кој беше детално образложен од страна на Директорот на Агенцијата.

3. Барање согласност за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година;

   Согласно усвоените измени и дополнувања на финансискиот план на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година се јави потреба и од измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година по што се даде согласнот за истото.

4. Барање согласност за јавна набавка на Услуга за обезбедување на имот и лица;

   Поднесено е барање на согласност за јавна набавка која е согласно планот за јавни набавки за 2018 година на Агенцијата, за што Комисијата даде согласност.

5. Барање согласност за јавна набавка на Одржување на ГПС систем на возила – Флит менаџмент;

   Поднесеното барање за согласност за јавна набавка е согласно изменетиот и усвоен план за јавни набавки за 2018 година на Агенцијата, по што Комисијата даде согласност.

6. Разно

   Немаше дискусии по оваа точка.

Состанокот заврши на 18.07.2018 во 14:30 часот.

Гордана Клинчарова, претседател___________

Петар Есмеров, член______________________

Дешира Имери , член____________________

Славе Веловски, член____________________